4. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Bojan Mulichkovski

Digitally signed by Bojan Mulichkovski
DN: o=BILD URBAN dooel Skopje, c=MK, email=bildurban18@gmail.com, sn=Mulichkovski, givenName=Bojan, cn=Bojan Mulichkovski
Date: 2020.03.04 11:48:05 +01'00'

Iskra Efremova

Digitally signed by Iskra Efremova
DN: c=MK, email=iskraefremova@yahoo.com, sn=Efremova, givenName=Iskra, cn=Iskra Efremova
Date: 2020.03.04 11:48:22 +01'00'

4.1.Текстуален дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1.1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период, површина на планскиот опфат и општина на која припаѓа подрачјето на планскиот опфат

Предмет на договорот е изработка на **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје**.

Деталниот урбанистички план е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план надвор од населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Сл. весник на РМ" бр.142/15).

Планскиот период на Деталниот урбанистички план е 2020 – 2025 год., во склад со одредбите на Член 43 од Законот.

Просторот дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Карпош, Скопје.

Локалитетот преставува дел од изградена структура и се наога на ≈ 3,0 км од централното градско јадро (Малиот ринг) во правец на северозапад.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блок 3 04.02, како што е одредена со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04. Истата се движи како што следи:

- на север границата започнува од најисточната точка 1 и се движи во западен правец по оска на новопланирана сервисна улица „С1“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04), сè до најсеверната точка 5;
- на запад границата започнува од најсеверната точка 5 и се движи во јужен правец по оска на собирна улица ‘’ Љубљанска’’ (планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје 2012-2022), сè до најзападната точка 8;
- на југ границата започнува од најзападната точка 8 и се движи во источен правец по оска на градска магистрала Бул „Илинден“, „В“ С.07-С.09-С.10 (планиран профил на градска магистрала по ГУП на Град Скопје 2012-2022) сè до најјужна точка 14;
- на исток границата започнува од најјужна точка 14 и се движи во северен правец по оска на новопланирана сервисна улица „С6“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04), сè до почетната точка 1.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 14 и 3 лаци , а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

Геометриски елемент	Реден број	X	Y	
Правци	**1**	**7533120,1378**	**4651684,9814**	**Најисточна**

Лак **01**	Испапчување:	-0,0749		
	Центар:	7533113,8990	4651884,8841	
	Радиус:	200,0000		
	Почетен агол:	271° 47'		
	Краен агол:	254° 39'		
Правци	**2**	7533060,9386	4651692,0235	
	3	7532981,6303	4651713,8019	
Лак **02**	Испапчување:	-0,0811		
	Центар:	7533021,3506	4651858,4473	
	Радиус:	150,0000		
	Почетен агол:	254° 39'		
	Краен агол:	236° 5'		
Правци	**4**	7532937,6690	4651733,9588	
	5	**7532898,1897**	**4651760,4969**	**Најсеверна**
	6	7532885,2275	4651743,7781	
Лак **03**	Испапчување:	0,1209		
	Центар:	7532956,3542	4651688,6330	
	Радиус:	90,0000		
	Почетен агол:	142° 13'		
	Краен агол:	169° 48'		
Правци	**7**	7532867,7772	4651704,5737	
	8	**7532851,8372**	**4651616,0952**	**Најзападна**
	9	7532882,3015	4651611,0071	
	10	7532953,0821	4651601,5058	
	11	7533026,4757	4651594,5619	
	12	7533047,2993	4651592,9419	
	13	7533082,5196	4651590,4096	
	14	**7533113,4400**	**4651588,3173**	**Најјужна**

Најисточна е точката број 1, со координати X = 7533120,1378 и Y = 4651684,9814.

Најсеверна е точката број 5, со координати X = 7532898,1897 и Y = 4651760,4969.

Најзападна е точката број 8, со координати X = 7532851,8372 и Y = 4651616,0952.

Најјужна е точката број 14, со координати X = 7533113,4400 и Y = 4651588,3173.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **2.948 ha**, односно **29477.7655m²**.

Периметарот на планскиот опфат изнесува **752.7233m'**.

Површината на блок 3 04.02 во рамки на регулациската линија како што е дефинирана со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04, изнесува **1.88 ha**.

Површината на уличната мрежа од Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04, во рамките на планскиот опфат изнесува **1,068 ha**.

СОГЛАСНО Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**18795**	**1,880**
Површина на примарна улична мрежа	**10683**	**1,068**
Површина на плански опфат	**29478**	**2,948**

локалитет: Детален урбанистички план за Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02 Општина Карпош, Скопје	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**15384**	**1,54**
Површина на Д2 заштитно зеленило	**2658**	**0,27**
Површина на секундарна улична мрежа	**753**	**0,08**
Површина во рамки на регулациона линија по ГУП на град Скопје	**18795**	**1,88**
Површина на примарна улична мрежа	**10683**	**1,068**
Површина на плански опфат	**29478**	**2,948**

Границите на планскиот опфат се следните:
Од Север: по оска на новопланирана сервисна улица "С1";
Од Запад: по оска на собирна улица '' Љубљанска'' ;
Од Исток: по оска на новопланирана сервисна улица "С6" ;
Од Југ: по оска на градска магистрала Бул. "Илинден";

4.1.2. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој ДУП покрај смерниците од ГУП и Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт 3 04, се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.

Површината на планскиот опфат е релативно градежно изградено земјиште меѓутоа има појава на голем дек од неизградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со ГУП на Град Скопје, Регулациски план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт 3 04 и состојбата на терен.

Градежните парцели се планираат со основна класа на намена А2- Домување во станбени згради и Е2- комунална супраструктура.

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Предвидени се сервисни и станбени улици преку кои се овозможува пристап до секоја парцела. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Деталниот урбанистички план за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

Во рамките на опфатот формирани се 7 градежни парцели.

Вкупна изградена површина на ниво на плански опфат е 50661m².

Просечен процент на изграденост изнесува 32%.

Просечен коефициент на искористеност изнесува 1.72.

4.1.3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намени:

А - Домување,

Д - Зеленило и рекреација,

Е - Инфраструктура

и површини наменети за сообраќајници

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

А2- Домување во станбени згради

Д2 –Заштитно зеленило

Е2-Комунална супраструктура

Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидуваат важечките плански документации – Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт З 04, како и состојбата на терен.

Планирани се градежни линии и површини за градење на повеќе градби во согласно членовите 34, 35, 36, 37, 38, 39 и 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Висините на градбите се планирани согласно членовите 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и се одредени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно.

За одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, потребно е да се задоволи член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

4.1.3.1 Единици на градежно земјиште

Планскиот опфат е дефиниран во 1 (еден) блок З 04.02 и се состои од 7 градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба.

Градежните парцели се нумерирани со арапски цифри.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно на ниво на цел плански опфат и истите се прикажани во синтезниот приказ.

4.1.3.2 Класа на намени

Со Планот се утврдени следните основни класи на намени:

1. **А- *Домување*..... 1,536 ха**

Во рамките на планскиот опфат 52,10 % од просторот е ангажиран за домување со основна класа на намена:

- А2-домување во станбени згради

Покрај основната класа на намена А2 – Домување во станбени згради предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- Б5- Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 15%.
- Б1-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Б2-Големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Б4-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- В3-Култура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- В4-Државни институции. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- Д3-Спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите. Истите се планираат со катност П+5+Пк и максимална висина на венец од Н=19,20м.

При планирањето извршено е утончување на границите на градежните парцели со границите на катастарските парцели од системот Мак едит на Агенцијата за Катастар за недвижности на Република Македонија, а согласно податоците презентирани во Геодетскиот елаборат "Ажурирана геодетска подлога" изработена од ГЕО ПРИМ ИНЖЕНЕРИНГ, заведена под број 0813-20/2020 од 20.02.2020 год.

Со анализа на постојната состојба добиен е целосен увид во однос на бројот, големината и материјалната вредност на станбените објекти. Од тука е произлезен и ставот за идниот статус на секој поединечен објект, неговиот однос кон вклопување во цели на планирање.

- Максимална висина т.е. одредување на кота на венец во однос на тротоар е:

  - кота на тротоар $\pm$ 0.00 м

  - кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар мах. 1,20 м

  - Мах. агол на кров 30°

  - Вкупна површина на локации за домување..... 15359 м^2
  - Површина под градба.....9519 м^2
  - Бруто развиена површина..... 50649 м^2
  - Број на жители..... 1199

- Број на станови..... 333
- Просечна структура на домаќинство……..…….3.6
- Нето густина густина на домување …….…….. 780 ж/ха
- Процент на изграденост.....62 %
- Коефициент на искористеност.....3.30

Табела А-**ДОМУВАЊЕ** согласно **Детален урбанистички план Градска четврт З 04, Блок З 04.02, Општина Карпош, Скопје**

ДОМУВАЊЕ									
блок	класа на намена	број на домаќинства	број на жители	површина на локација во дел	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	нето густина
				m2	m2	%	m2	k	`/ha
З 04.02	**А2 домување во станбени згради**	**333**	**1199**	**15359 м2**	**9519 м2**	**62%**	**50649 м2**	**3,30**	**780**

А-ДОМУВАЊЕ					
класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност
А2 домување во станбени згради	15359 м2	9519 м2	62%	50649 м2	3,30

Во бруто развиената површина се вкалкулирани и површините за домување предвидени долж примарната улична мрежа кои не влегуваат во вкупната бруто површина предвидена за домување според Посебните услови по четврт- нумерички показатели од ГУП на град Скопје 2012год., што е во согласност со член 37 од Општите и посебни услови за просторен развој на ГУП на град Скопје 2012год.

Земајќи ја во обѕир местоположбата и атрактивноста на локацијата, се применуваат одредбите на Член 37 од Општите и посебни услови за просторен развој од Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022, односно долж Градска магистрална улица - Булевар „Илинден“ се планираат т.н. линиски центри во длабочина од 25m во внатрешноста на планскиот опфат, мерено од регулациската линија на четвртта З 04 како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012 – 2022, што е согласно издадената -Дополнителна забелешка по насока на Град Скопје, од страна на Општина Карпош, Сектор за урбанизам, со арх.бр. 45-1528/1 од 24.02.2020 година и одобренатаПланска програма .Во овој дел се планираат градежни парцели со основна класа на намена А2 – Домување во станбени згради, како логична целина долж Градската магистрална улица, кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припагаат.

Тоа се следните градежни парцели: ГП 02.2, ГП 02.3, ГП 02.04, ГП 02.5 и ГП 02.6.

Линиски центри				
број на парцела	површина под градба	површина под градба под линијски центар	вкупно изградена површина	Процент на зафатеност под линијски центар
02.2	376 м2	181 м2	1267 м2	48%
02.3	1628 м2	635 м2	4446 м2	39%
02.4	4628 м2	1321 м2	8538 м2	30%
02.5	362 м2	362 м2	2535 м2	100%
02.6	2054 м2	601 м2	3639 м2	30%
Вкупно	**9047 м2**	**3099 м2**	**20424 м2**	**34%**

Вкупната бруто изградена површина за домување на објекти покрај примарна улична мрежа (линиски центри) изнесува 20424м2. Вкупна бруто изградена површина за домување изнесува 50649м2-220424м2=30224м2.

При планирањето на површините за градење за домување, тенденција е обезбедување на минимум 25m² нето станбена површина по жител.

30224/32,5=930 жители, односно 930/3,6=258 број на семјества

Дозволена нето густина на населеност 930ж./1.88ха=605

2. Б- *Зеленило и рекреација*..... 0.266 ха

Во рамките на планскиот опфат–9,02 % од просторот е е ангажиран за Зеленило и рекреација со основни класи на намена:

- **Д2– Заштитно зеленило**

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Заштитното зеленило има намена за заштита на животна средина, подобрување на микро-климатките услови и оплеменување и збогатување на непосредната околина што се одразува и на целокупниот амбиент во локалитетот. Просторот предвиден за заштитно зеленило претставува тампон зона меѓу различни намени.

Покрај споменатите , во рамките на Локалитетот , застапени се следните зелени површини:

-зеленило во парцели наменети за домување;

Во парцелите наменети за домување (станбени згради), соодветно на просторните можности, дворните места предвидено е да се уредат со затревнување и насади на вегетација како и поставување на клупи, чешми, канделабри и други елементи од урбана опрема.

Површините наменети за зеленило во просторот наменет за сообраќај да се уредат со затревнети површини и насади од висока вегетација во склад со теренските и просторните можности, без да пречат на прегледноста на движење по сообраќајните површини. При изработка на студија за стациониран сообраќај да се обележат сите насади од висока вегетација и истите да се почитуваат и вклопат во решението за стациониран сообраќај.

Да се овозможи континуитет во поврзувањето на сите сегменти од зелените простори (парковско, блоковско, заштитно, линеарно и др. во една единствена интегрална целина).

Низ просторот кој е предмет на планската документација минува канал кој ги одведува атмосферските води од Водно во реката Вардар. Каналот е целосно покриен, со што просторот постанува максимално флексибилен.

Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
	м2	м2	%	м2	к
Д2 заштитно зеленило	2658 м2	/	/	/	/

3. В- ***Инфраструктура*****..... 0,002 ха**

Во рамките на планскиот опфат–0,08 % од просторот е ангажиран за основна класа на намена Е2-комунална супраструктура/ТС/.

Во планскиот опфат, се планира една (1) трафостаница 10/0,4 кВ во сопствена парцела ГП 02.7.

Е-ИНФРАСТРУКТУРА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
Е2 комунална супраструктура/ТС/	24 м2	12 м2	49%	12 м2	0,49

4.1.3.3 Сообраќајно решение

Планираната улична мрежа за локалитетот **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје,** е поставена врз основа на поставката на Генералниот урбанистички план на град Скопје од 2012 год., Регулациски план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт 3 04, ДУП-ви со кои се граничи овој локалитет, постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај а според урбанистички поставената организација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

Како основа на поставката на уличната мрежа се поставени планираните со ГУП од 2012 год.и Регулациски план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт 3 04, улици од примарната улична мрежа со точно утврдена траса и сообраќајни профили, а тоа се: Бул. “Илинден” и ул. “Љубљанска”. Истите се со следна структура на сообраќајен профил:

А. Градски магистрални улици:

1. Булеварот “Илинден” ”В” С.07-С.08: Профил 1-1
   - пешачка патека-тротоар..... 12.00
   - коловоз..... 10.50
   - средишно зеленило..... 5.00
   - коловоз..... 10.50
   - пешачка патека-тротоар..... 12.00

Вкупно: 50,00м’

Б. Собирни улици:

2. Улицата “Љубљанска“: Профил 2-2

- пешачка патека-тротоар..... 3.00
- коловоз..... 14.00
- пешачка патека-тротоар..... 3.00

Вкупно: 20,00м'

Секундарната улична мрежа ја сочинуваат следните сервисни и станбени улици поставени почитувајќи ја постојната состојба со структура на сообраќајни профили според пропишаните за ваков вид на сообраќајници. Тоа се следните улици со профили:

В. Сервисни улици:

3. Улицата "С1" (број 1694)" : Профил 3-3
- пешачка патека-тротоар..... 3.00
- странично зеленило..... 3.50
- коловоз..... 7.00
- странично зеленило..... 3.50
- пешачка патека-тротоар..... 3.00

Вкупно: 0,00м'

4. Улицата "С6" (број 1694)" : Профил 4-4
- пешачка патека-тротоар.....1,50 м'
- коловоз..... 6.00 м'
- пешачка патека-тротоар.....1,50 м'

Вкупно: 9.00м'

Г. Станбени улици:

5. Улицата "СТ1" (број 1694)" : Профил 5-5
- пешачка патека-тротоар.....1.50 м'
- коловоз..... 5.50 м'
- пешачка патека-тротоар.....1.50 м'

Вкупно: 8.50м'

Г. Пешачки улици:

Пешачки улици, Профил 5-5.....6.00-12.6 м'

Радиуси и кривини на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 59 одП равилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. Границата на површината за градење под нивото на

теренот (која го вклучува и подземното паркирање) се поклопува со граница на градежна парцела.

Потребниот број на паркинг места ќе се определи на следниот начин:

А-ДОМУВАЊЕ

А2 Домување во станбени згради

- За станбени згради: 1 паркинг место на секои 80м2 од вкупно изградена површина.

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА,

Д2 Заштитно зеленило

- Не се предвидуваат паркинг места за оваа намена.

Напомена:

- Реализација на зоната Е1- комунална инфраструктура ќе се разработи со прецизна инфраструктурна реализација преку изработка на потребната проектна документација.

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

При изработка на студија за стациониран сообраќај да се обележат сите насади од висока вегетација и истите да се почитуваат и вклопат во решението за стациониран сообраќај.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 2,948 ха, од која **11436м^2** е под сообраќајни површини или 38,79 %.

Јавен градски превоз на патници

Локалитетот е поврзан со системот на Јавен градски превоз на патници на град Скопје преку системот на Јавен автобуски превоз преку автобуски линии по примарната улична мрежа Бул" Илинден ".

4.1.3.4 Нивелманско решение

Со изработка на локалитетот **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје,** пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Подолжните падови се движат во границите на дозволените.

4.1.3.5. Хидротехничка инфраструктура

Вовед

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје,** се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Важечки ДУП-ови за планскиот опфат
- Постојна состојба на водовод и канализација за **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје**
- Нивелационо решение на улиците во границите на планскиот опфат;
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Према Деталното урбанистичко решение, просторот е предвиден со класи на намени – А2-домување во станбени згради.

Површина на планскиот опфат изнесува 2.948 ха. Вкупно број на жители за планскиот период 2020-2025 год. изнесува Nk = 930 жители, односно корисници во четвртта.

Водоснабдување

Водоснабдувањето на постојните и новопланираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната водоводна мрежа, која преставува дел од Градскиот водоводен систем.

Водоводна мрежа во локалитетот е кружна (циркулациона). Истата придонесува за зголемување на сигурноста во снабдувањето со вода како и зголемувањето на пропусната моќ на истата (водата во секоја точка доаѓа од два правци).

Мрежата располага со доволен број на затварачи со кои се врши изолација на поедини делници при евентуален дефект на мрежата.

Потребна количина на вода на ниво на **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје**

$$Q\max/h = \frac{Nk \times Q \times a_1 \times a_2}{86400}$$ каде што е

Nk - број на жители, посетители – 930 жители
Q - водоснабдителна норма Q = 400 l/ден/жит.
a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,5
a_2= коефициент на часова нерамномерност. a_2 = 1,3
Средно дневна потрошувачка

$Q_{sr/den}$ = Nк x Q = 930 x 400/1000 = 371.99 м3/den.

$$Q\ sr/den = \frac{Q\ sr/den}{86400} = \frac{371.99}{86400} = 4.31$$ л/sek

Максимална дневна потрошувачка

$Q_{mah/den}$ = $Q_{sr/den}$ x a_1 = 4.31 x 1,50 = 6.46 л/sek.

Максимална часова потрошувачка

$Q_{mah/час}$ = $Q_{mah/den}$ x a_2 = 6.46 x 1,30 = 8.40 л/sek.

Количество на вода за против пожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количествона вода од 10 л/сек., што важи за населени места до 5 000 жители, без оглед на отпорноста на објектите према пожар:

$$Q_{poz} = q_{poz} \cdot n_1 \cdot \frac{t}{24}$$

q_{poz} = 10 л/сек

n_1 - број на пожари кои можат да се појават истовремено
t – времетраење на пожар

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа, која ќе се состои од профили со различни димензии, потточно прикажани во графичките прилози.

Фекална канализација

Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и планирана фекална канализација.

Постојната фекална канализација со своите траси се вклопува во новото детално урбанистичко решение и понатаму ќе биде во функција.

Сите делници од постојната канализација кои минуваат под постојните или новопредвидените објекти се ставаат надвор од функција.

Минималниот профил на постојната и новопланираната канализација усвоен е од ∅ 250 мм , што е усогласен со прописите од ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Количини на отпадни и фекални води

За одведување на капацитетот на мрежата прифатен е нормативот да само 80 % од искористената вода од населението во локалитетот се одведува во канализациониот систем. Останатите 20 % од искористените води нема да се испуштаат во фекалната канализација (миење на улици, поливање на зелени површини и др.). Исто така, се планира да количините на фекалните води во мрежата се зголемат и од инфилтрацијата на подземната вода за 25 %. Овие количини на отпадни води се зголемуваат за 1,50 пати во деновите на максималната оптоварувачка. Часовиот максимум е за 1,30 пати поголем од деновите на максималната потрошувачка.

Планираниот инфраструктурен систем на отпадните води ке биде димензиониран на овие коефициенти.

Имајки во предвид дека водоснабдителната норма е планирана на 400 л/сек/човек, максималната часова отпадна вода по жител изнесува:

$$qfek = \frac{0.80 \times Nk \times Q_o \times a_1 \times a_2 \times 1.2}{24 \times 60 \times 60}$$

$$qfek = \frac{0.8x930x400x1.50x1.30x1.2}{86400}$$ = 8.06 л/сек

$qfek =$ 0,8 x 930 x 400= 297.60 m3/ден

Канализационата мрежа се состои од арм. бетонски канализциони цевки со ∅ 250, ∅ 300 и арм. бетонски ревизиони шахти.

Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа.

Количини на атмосферски води

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec)$ = 2.948 x 110 x 0,5=103.40 л/сек

F – вкупна сливна површина (ха) 2.948 ха

q_i – специфичен истек (110)

Ψ - просечен коефициент на истекување (0.4)

Целиот систем е пресметан според рационалниот метод, земајки го како критериум времетраењето на врнежите, односно времетраењето кое е равно на соодветното време на концентрацијата на врнежите.

На основа припадните сливни површини,интензитетот на истекување према наведениот образец, изнајдени се количините на вода а во согласност со падот на каналот извршено е димензионирање на каналската мрежа.

Димензиите на мрежата се ∅ 300 мм и ∅ 400 мм.

4.1.3.5. Електро-енергетика и ПТТ инсталации

На основа добиените графички прилози и останати потребни параметри пристапено е кон изготвување на планиран развој на електро-енергетски објекти и мрежи и телефонска мрежа за **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје**, плански период 2020-2025 со површина на зафат од 2,948 ха.

Основни содржини во просторот се:

- домување
- зеленило и рекреација
- сообраќајници и сообраќајни површини;

За горе наведените содржини пристапуваме кон анализа на потребни едновремени снаги.

Анализа на снаги

Домување

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

Pen = Pen' + Pen"

Pen' =fn' x Pe' x n $\qquad$ $fn' = f\sim' + \frac{1-f\sim'}{\sqrt{n}}$

Pen" = fn" x Pe" x n $\qquad$ $fn'' = f\sim'' + \frac{1-f\sim''}{\sqrt{n}}$

Pen - вкупна едновремена ел. снага за домување

Pen' - едновремена ел. снага за "n" станови

Pen" - едновремена сл. снага за "n" станови за затоплување

Pe' - едновремена ел. снага за просечен стан Pe = 13 kW

Pe" - едновремена ел. снага за просечен стан за затоплување Pe"=2,5 kW

f~' и f~" - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови (f~'=0,15;f~"=0,9) n - број на станови (**258**)

fn' i fn" - коефициент на едновременост за "н" станови

$$fn = f\infty + \frac{1 - f\infty}{\sqrt{n}} = 0.185 + \frac{1-0.185}{\sqrt{258}} = 0.197$$

Потребна едновремена снага:

ΣPen = Pen x *n* x *fn* = 13 x 258 x 0,197 = 935.14 kW

Вкупно потребна едновремена снага за **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје,** изнесува **935.14 kW.**

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630 kVA.

$\mu\ tr = \frac{\sigma \text{ Pen}}{\text{Str x } \mu} = \frac{935.14}{630 \text{ x } 0.75}$ =1,97 (на ниво на четврт)

Во планскиот опфат, се планира edna (1) трафостаници 10/0,4 кВ во ГП 02.7.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

Телефонска мрежа

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот: станбена единица-телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговско деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучока или на секои 100 м2 по два телефонски приклучока.

Точниот број на фиксни телефонски приклучоци ќе се определи во зависност од барањата на Инвеститорите и развојната програма на АД "Македонски Телекомуникации".

- Телекомуникациска мрежа на ОНЕ - во границите опфатени со планскиот опфат се планираат електронски комуникациски мрежи.
- Телекомуникациска мрежа на НЕОТЕЛ - во границите опфатени со планскиот опфат се планираат електронски комуникациски мрежи.

- Телекомуникациска мрежа на БЛИЗУ - во границите опфатени со планскиот опфат се планираат електронски комуникациски мрежи.
- Телекомуникациска мрежа на ВИП Оператор - во границите опфатени со планскиот опфат се планираат електронски комуникациски мрежи.

4.1.3.6. Гасификација

Со изработка на **Детален урбанистички план Градска четврт З 04, Блок З 04.02, Општина Карпош, Скопје,** за плански период 2020-2025 год, согласно податоците од ГАМА, нема траса на планиран и изведен гасовод.

4.1.3.7. Далечинско затоплување

Затоплувањето на објектите од предметниот реон ќе се врши преку нивно поврзување на градскиот топловоден систем. Во рамките на опфатот на планот веќе постои изградена топловодна мрежа со соодветен капацитет.

Прилагодување на параметрите на топлотниот флуид кон инсталацијата на крајните корисници ќе се врши со редуцирачки топлотни подстаници во кои со помош на калориметри ќе се мери и количеството на топлина кое се испорачува.

Потреби од енергија за затоплување:
Просечен број на семејства *9Mw/h/год.
258*9=2324,96 Mw/h/год

4.1.4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план.

1. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.
2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот.
3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на урбан блок и градежна парцела поединечно.
4. Надградби и доградби на постојните објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба.
5. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба,прикажани се сите градежни парцели групирани во урбан блок и дефинирани со:
   - број на градежна парцела;
   - површина на градежна парцела (м²)
   - површина за градење (м²)
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (м²)

- коефициент на искористеност (К);
- намена на земјиштето и градбите;
- мах. висина на градбата (м');
- мах. број на катови;
- потребен број на паркинг места.

Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6. Со планот се одредени следните услови:
   - облик и големина на градежна парцела (м²);
   - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
   - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (м²);
   - коефициент на искористеност (к);
   - намена на објектот;
   - мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина
   - на венец (м');
   - мах.број на катови;
   - врста на кров;
   - насоки за архитектонско обликување;
   - паркирање-гаражирање на возилата.
7. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 59 одП равилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) се поклопува со граница на градежна парцела.
8. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнста на архитектот.
9. Во градежните парцели во кои се планираат повеќе објекти, габаритите на објектите, ќе се дефинираат со изработка на архитектонско-урбанистички проекти по претходно дефинирана проектна програма а во границите на планираната површина за градба.
10. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.
11. Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се одобруваат пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика.
12. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

-првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00 см,

-првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00 м,

-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец за уличен коридор широк до 8,5 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

-третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

13. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.
14. Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 10% од должината на уличната фасада на објектот, но не помалку од изведеното конзолно или еркерно пречекорување. Забраната за испуштање елементи од второстепена пластика во зоната на калканско поврзување на објектите не се однесува на објекти кои се градат на повеќе здружени парцели ниту пак за оние за кои постои согласност помеѓу соседите.
15. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.
16. Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни конзоли,еркери и сл.
17. Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика ќе се дефинира во согласност со архитектонското обликување на објектите.
18. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.
19. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.
20. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.
21. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- Мансарден покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 60°
- Рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5°. Во дозволената силуета е дозволено скалесто повлекување од страна на лицето на парцелата и оформување потпокрив, кој кон дното на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување може да изнесува најмногу 60 °. Рамниот покрив може да претставува корисен простор за оформување на кровни градини и други содржини во функција на градбата или станбените единици лоцирани во потпокривот. На рамниот покрив не се дозволува поставување на архитектонско декоративни елементи со кои се обѕидува или оформува затворен корисен простор.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид.

22. Максималната висина на слеме во однос на висината на завршниот венец на градбата изнесува 4,50 м.
23. Во рамките на дозволената височина на слемето и силуетата на покривот може да се уреди потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата.
24. Во рамки на предвидената висина на приземјето дозволено е формирање на галериски мезанински простор со максимална вкупна површина од 60% во однос на дозволената површина за градба. Вкупно развиената површина за градба во нумеричките показатели е презентирана без дозволениот галериски мезанински простор.
25. Одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18) да изнесува минимум 20% зеленило на секоја градежна парцела.
26. Површините наменети во ДУП за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
27. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење (Сл.Весник на РМ, бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13,79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15), Одлуката за утврдување стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје (Сл.Гласник на град Скопје бр. 3/10, 3/11 и 18/11) и Одлуката за утврдување на потребата за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема (Сл.Гласник на град Скопје бр.3/10).
28. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
29. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.
30. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ќе се определуваат согласно проекти од Градот и општината. Локациите мора да бидат достапни

за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

31. Доколку при реализацијата на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (“Сл. весник на РМ” бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14, 104/15,154/15, 192/15 и 39/16)
32. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставува солидна основа за издавање на Извод од урбанистички план.

При примена на планските решенија на **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје,** за плански период од 2020-2025 год. за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.5. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање

Планскиот опфат на **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје,** е составен од еден блок со вкупно 7 градежни парцели со следната намена:.

6 парцели се со намена А2- Домување со станбени згради

1 парцела е со намена Е2- Комунална супраструктура

Блок 1

Намена: А2 – Домување во станбени згради, Е20комунална супраструктура / ТС/ и Д2- заштитно зеленило

А2-домување во станбени згради

- **Компатибилни класи на намени:**

- Б5- Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 15%.
- Б1-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Б2-Големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Б4-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- В3-Култура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- В4-Државни институции. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.

- Д3-Спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Е2- Комунална супраструктура /ТС/

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Д2- Заштитно зеленило

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Градежна парцела 02.1

Намена: А2 - домување во станбени згради
Висина на венец: 19,50 м'
Број на катови: П+5+Пк
Процент на изграденост: 40%
Коефициент на искористеност: 2,83
Пристап до парцела : од сервисна улица "С1" (број 1694)" - Профил 3-3
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
*Степен на озеленување во парцелата да изнесува минимум 20% ,согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Градежна парцела 02.2

Намена: А2 - домување во станбени згради
Висина на венец: 19,50 м'
Број на катови: П+5+Пк
Процент на изграденост: 30%
Коефициент на искористеност: 2,08
Пристап до парцела : од сервисна улица "С1" (број 1694)" - Профил 3-3
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
*Степен на озеленување во парцелата да изнесува минимум 20% ,согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Градежна парцела 02.3

Намена: А2 - домување во станбени згради
Висина на венец: 19,50 м'
Број на катови: П+5+Пк
Процент на изграденост: 66%
Коефициент на искористеност: 4,65

Пристап до парцела : од сервисна улица "С1" (број 1694)" - Профил 3-3
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
*Степен на озеленување во парцелата да изнесува минимум 20% ,согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Градежна парцела 02.4

Намена: А2 - домување во станбени згради
Висина на венец: 19,50 м'
Број на катови: П+5+Пк
Процент на изграденост: 67%
Коефициент на искористеност: 2,95
Пристап до парцела : од сервисна улица "С1" (број 1694)" - Профил 3-3
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
*Степен на озеленување во парцелата да изнесува минимум 20% ,согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Градежна парцела 02.5

Намена: А2 - домување во станбени згради
Висина на венец: 19,50 м'
Број на катови: П+5+Пк
Процент на изграденост: 51%
Коефициент на искористеност: 3,54
Пристап до парцела : од станбена улица "СТ1" (број 1694)"–профил 5-5
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
*Степен на озеленување во парцелата да изнесува минимум 20% ,согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Градежна парцела 02.6

Намена: А2 - домување во станбени згради
Висина на венец: 19,50 м'
Број на катови: П+5+Пк
Процент на изграденост: 72%
Коефициент на искористеност: 3,66

Пристап до парцела : од станбена улица "СТ1" (број 1694)"–профил 5-5
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
*Степен на озеленување во парцелата да изнесува минимум 20% ,согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Градежна парцела 02.7

Намена: Е2 - комунална супраструктура
Пристап до парцела : од станбена улица "Новопроектирана 1"–профил 4-4
Компатабилни класи на намени: не се предвидува

4.1.6. Нумерички показатели

општина: Карпош

локалитет: Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.02 Општина Карпош, Скопје

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ **БЛОК З 04.02** **П=2,948 ha** **„БИЛД УРБАН"ДООЕЛ Скопје**

катастарска општина	број на парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	компатабилни класи на намена на основната класа на намена		максимална висина на градба	број на спратови	потребен број на паркинг места
КО Карпош	02.1	1167 м2	472 м2	40%	3304 м2	2,83	А2 домување во станбени згради	Б5, Б1, Б2, Б4, В3, В4 и Д3	40%	19,50	П+5+Пк	Паркирање во рамки на сопствена парцела согласно членот 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)
КО Карпош	02.2	1264 м2	376 м2	30%	2630 м2	2,08	А2 домување во станбени згради	Б5, Б1, Б2, Б4, В3, В4 и Д3	40%	19,50	П+5+Пк	
КО Карпош	02.3	2450 м2	1628 м2	66%	11396 м2	4,65	А2 домување во станбени згради	Б5, Б1, Б2, Б4, В3, В4 и Д3	40%	19,50	П+5+Пк	
КО Карпош	02.4	6929 м2	4628 м2	67%	20422 м2	2,95	А2 домување во станбени згради	Б5, Б1, Б2, Б4, В3, В4 и Д3	40%	8,0/19,50	П+1/П+5+Пк	
КО Карпош	02.5	716 м2	362 м2	51%	2535 м2	3,54	А2 домување во станбени згради	Б5, Б1, Б2, Б4, В3, В4 и Д3	40%	19,50	П+5+Пк	
КО Карпош	02.6	2833 м2	2054 м2	72%	10363 м2	3,66	А2 домување во станбени згради	Б5, Б1, Б2, Б4, В3, В4 и Д3	40%	5,0/19,50	П/П+5+Пк	
КО Карпош	02.7	24 м2	12 м2	49%	12 м2	0,49	Е2 комунална супраструктура/ТС/	-	-	3,00	П	
		2658 м2					Д2 заштитно зеленило	/	/			
		200 м2					пешачка улица					
		11236 м2					сообраќајни површини					
Вкупно:		**29478 м2**	**9531 м2**	**32%**	**50661 м2**	**1,72**						

*** вкупно изградената површина за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ДУП за Градска четврт З 04, Блок З 04.02 Општина Карпош, Скопје

блок	површина на блок	површина на градежни парцели	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	сообраќајници	пешачка улица	заштитно зеленило	основна класа на намена
	m2	m2	m2	%	m2	k	m2		m2	
04.2	29478	15384	9531	62%	50661	3,29	11236 м2	200 м2	2658 м2	А2,Е2 и Д2

4.1.7.. Билансни показатели

Споредбени билансни показатели –документациона основа и планирана документација

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
документациона основа			
реден број	намена на површини	површина на парцели	процент
		m2	%
1	А2 домување во станбени згради	5982 м2	20,29%
2	Б3 големи угостителски единици	528 м2	1,79%
3	Е2 комунална супраструктура /паркинг/	359 м2	1,22%
4	Д2 заштитно зеленило	2890 м2	9,80%
5	неизградено земјиште	13401 м2	45,46%
6	сообраќај	6318 м2	21,43%
Вкупно		**29478 м2**	**100,00%**

планска документација			
реден број	намена на површини	површина на парцели	процент
		m2	%
1	А2 домување во станбени згради	15359 м2	52,10%
2	Е2 комунална супраструктура / ТС /	24 м2	0,08%
3	Д2 заштитно зеленило	2658 м2	9,02%
4	Сообраќај-секундарна улична мрежа	753 м2	2,55%
Вкупно		**18795 м2**	**63,76%**
	Сообраќај-примарна улична мрежа	10683 м2	36,24%
Вкупно		**29478 м2**	**100,00%**

Билансни показатели за плански опфат за Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје

локалитет: Детален урбанистички план за Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02 Општина Карпош, Скопје 2,948ха		параметри
ПОВРШИНА ПОД ОБЈЕКТИ	м2	**9531**
ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	м2	**50661**
А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ-ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	м2	**50649**
Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ТС/	м2	**12**
БРОЈ НА ДОМАЌИНСТВА		**930**
БРОЈ НА ЖИТЕЛИ		**258**
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	%	**32%**
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	k	**1,72**
БРУТО ГУСТИНА	жит/ха	**88**
Д2-ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	м2	**2658**
СООБРАКАЈНИЦИ	м2	**11436**

Споредбени посебни одредби – нумерички показатели на Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт 3 04 и **Детален урбанистички план Градска четврт 3 04, Блок 3 04.02, Општина Карпош, Скопје**

Дозволени класи на намени и групи на класи на намени

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЛОКОВИТЕ																
БЛОК		ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ														
3 04.02		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	МЕШАНА НАМЕНА (А+Б)	МЕШАНА НАМЕНА (Б+Г)
%	100,00	81,91	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	12,77	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	5,32	0,00	0,00
ХА	1,88	1,54	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,24	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,10	0,00	0,00
ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ 3 04.02																
%	100,00	81,72	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	14,14	0,00	0,00	0,00	0,13	0,00	4,01	0,00	0,00
ХА	1,88	1,54	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,27	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,08	0,00	0,00

АНАЛИЗА НА НУМЕРИЧКИ ПОКЗАТЕЛИ	
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДОКУМЕНТАЦИОНАТА ОСНОВА	м2
А2 Домување во станбени згради	18166 м2
ВКУПНО документациона основа	**18166 м2**
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДУП	м2
А2 Домување во станбени згради	50649 м2
ВКУПНО	**50649 м2**
(ЛИНИЈАСКИ ЦЕНТРИ)	м2
А2 Домување во станбени згради	20424 м2
ВКУПНО планска документација	**30224 м2**

Линијски центри				
број на парцела	површина под градба	површина под градба под линијски центар	вкупно изградена површина	Процент на зафатеност под линијски центар
02.2	376 м2	181 м2	1267 м2	48%
02.3	1628 м2	635 м2	4446 м2	39%
02.4	4628 м2	1321 м2	8538 м2	30%
02.5	362 м2	362 м2	2535 м2	100%
02.6	2054 м2	601 м2	3639 м2	30%
Вкупно	**9047 м2**	**3099 м2**	**20424 м2**	**34%**

Споредбени посебни одредби – нумерички показатели на доминантна класа на намена на Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт З 04 и **Детален урбанистички план Градска четврт З 04, Блок З 04.02, Општина Карпош, Скопје**

	ПОВРШИНА НА ЧЕТВРТ ВО ХА	ДОМИНАН-ТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИ-ЕНТ НА ИСКОРИСТЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	МАХ. ДОЗВОЛЕН БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	МАХ. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА**
СПОРЕД РП за З 04.02	1,88	**А** (ДОМУВАЊЕ)	1,54	0,00	6	32013	2,08	985	274	640
СПОРЕД СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 04.02	1,88	**А** (ДОМУВАЊЕ)	1,54	32,80	6	30224	1,97	930	258	605

При презентација на компаративните податоци земени се во обѕир одредбите на Член 37 од Општите и посебни услови за просторен развој на ГУП на град Скопје 2012 – 2022, согласно издадената -Дополнителна забелешка по насока на Град Скопје, од страна на Општина Карпош, Сектор за урбанизам, со арх.бр. 45-1528/1 од 24.02.2020 година и одобрената Планска програма :

Член 37

Долж примарната сообраќајна мрежа во планската документација од пониско ниво, се дозволува по целата должина на сообраќајниците да се планираат линиски центри со намена А,односно Б, односно В, или големини кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припаѓаат.

Линиските центри треба да претставуваат логична целина со длабочина во четвртта до 25m од обете страни на сообраќајниот коридор со можни тремови кои можат да излегуваат и надвор од регулациските линии коишто ја дефинираат сообраќајницата, но не преку линијата на пешачкиот дел од сообраќајниот профил.

Односно, не се земени во обѕир параметрите за градежните парцели ГП 02.2, ГП 02.3, ГП 02.04, ГП 02.5 и ГП 02.6, од деловите

на градежните парцели кои се во зоната на линискиот центар во длабочина од 25m долж Градска магистрална улица - Булевар „Илинден“.
Прикажаниот планиран број на жители е пресметан земајќи ја во обсир планската одредба за обезбедување на минимум 32,5m² бруто станбена површина по жител, а во склад со одредбите на Член 23 став (4) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Инфраструктурни потреби на ниво на четврт

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ЧЕТВРТ											
		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕР-СКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУ-ВАЊЕ Mw/h /ГОД
СПОРЕД РП за З 06	ПОТРЕБИ	990,10	394,00	4,56	6,84	8,89	0,00	0,00	315,20	103,40	2.462,50
СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ц 04-ДОМ НА ГРАДЕЖНИЦИ	ПОТРЕБИ	935,14	371,99	4,31	6,46	8,40	0,00	0,00	297,60	103,40	2.324,96
СПОРЕД РП за З 06	ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА						145,54 СЕМ/ХА				
СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ц 04-ДОМ НА ГРАДЕЖНИЦИ	ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА						137,41 СЕМ/ХА				

Билансни показатели по блокови

блок З 04.02	**намена на површини**	**површина на парцели**	**процент**
		m2	**%**
1	А2 домување во станбени згради	15359 м2	52,10%
2	Е2 комунална супраструктура	24 м2	0,08%
3	Д2 заштитно зеленило	2658 м2	9,02%
4	сообраќајни површини	11436 м2	38,79%
Вкупно		**29478 м2**	**100,00%**

4.1.8. Мерки за заштита

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на **Детален урбанистички план Градска четврт З 04, Блок З 04.02, Општина Карпош, Скопје** -Планска документација 2020-2025 год. е следна:

- *Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18)
- *Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија” број 53/05, .81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 , 93/13, 187/13, 42/14 ,44/15, 129/15, 192/15,39/16 и 99/18);
- *Закон за заштита на природата ("Сл.весник на Р.М." бр.67/04, бр. 14/06 и бр.84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- *Закон за квалитет на амбиентниот воздух ("Сл.весник на Р.М." бр.67/04 и бр.92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 146/15);

- *Закон за управување со отпадот ("Сл.весник на Р.М." бр.68/04 и бр.1 07/07);
- *Закон за заштита од бучава на животна средина ("Сл.весник на Р.М." бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- *Закон за заштита и спасување ("Сл.весник на Р.М." бр.56/04, 19/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 139/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- *Закон за водите ("Сл.весник на Р.М." бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- *Уредба за класификација на водите ("Сл.весник на Р.М." бр.18/99);
- *Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води ("Сл.весник на Р.М." бр.18/99 и 71/99);
- *Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник наР.М/бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.8.1 Мерки за заштита на животната средина

Просторот што го третира планот е со површина од 7,28 ха, а основен вид на намена е:

6 парцели се со намена А2- Домување со станбени згради

1 парцела е со намена Е2- Комунална супраструктура

Основни загадувачи на просторот се сите видови моторни возила.

Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

А) Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, бидејќи греењето е централно или со електрична енергија.

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1). инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2). обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг,

се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот предвидено е сите слободни површини (парковски) да се уредат.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите во рамките на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во локалитетот.

Во однос на домувањето треба да се запазат показателите за коефициентот на искористеност, процентот на изграденост како и дефинираната градежна линија.

Б) Мерки за заштита на квалитетот на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација. Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпременувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација

В) Мерки за заштита од бучава

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава

4.1.8.2. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Сл.весник на Р.М. бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16и 83/18) и Законот за управување со кризи (Сл.весник на Р.М. бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18)задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16и 83/18) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на деталниот урбанистички план, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 100/10) и Уредбата за спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозиии и опасни маетрии (Службен весник на Република Македонија, бр. 100/10).

4.1.8.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

На површината на предметниот **Детален урбанистички план Градска четврт 3 06, Блок 3 06.09, Општина Карпош, Скопје,** предвидени се градежни парцели со следнат намена:

6 парцели се со намена А2- Домување со станбени згради

1 парцела е со намена Е2- Комунална супраструктура

При изработка на основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство

на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарната единица во Скопје би изнесувал од 5 до 10 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

4.1.8.2.2 Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до границата на градежната парцела е 3,00m;
- објектите се со кота на венец до 19,50m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/3 од површината околу себе, односно руините се целосно во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на VIII° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

4.1.8.2.3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

4.1.8.2.4. Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

4.1.8.2.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

4.1.8.2.6. Спасување од сообраќајни несреќи

Постојниот пристап до локалитетот е од улицата Бул „Илинден“, планирана со Генералниот урбанистички план на Град Скопје. Во овој Детален урбанистички план има сервисни улици со кои се обезбедува сообраќаен пристап до сите градежни парцели. Стационарниот сообраќај е решен согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Клиничка центар Скопје би изнесувал од 5 до 10 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарната единица во Скопје би изнесувал од 5 до 10 мин.

4.1.8.2.7. Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Клиничка центар Скопје би изнесувал од 5 до 10 мин

4.1.8.2.8. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот, можно е настанување на свлекување на земјиштето. Од тие причини, при изработка на проектната документација, задолжително да се изработи елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања, со што ќе може да се предвидат решенија за спречување на свлекувањето на земјиштето.

4.1.9.Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

Составен дел на овој Детален урбанистички план се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за

општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 8.33%.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:

- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м. При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12)

Во објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според одредбите од член 76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.

При изработка на проекти за улична мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12, 29/15, 32/16 и 114/16), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.10. Мерки за заштита на културното наследство

Во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Сепак, во склад со одредбите на Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (("Сл.весник на Р.М." бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој Законот;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Став (2) од Членот 129 од Законот подробно опишува дека случајното откритие на заштитено добро или на добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство се пријавува веднаш и се смета дека е извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до Министерството за внатрешни работи, тоа ја доставува пријавата до надлежната јавна установа.